# информации од јавен карактер

Inbox ×

[redacted]

to me ▾

Oct 1, 2024, 1:06 PM (19 hours ago)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 2024 -01- 20 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11- | 118/1 | | |

02 -10- 2024

До: Општина Битола
(имател на информацијата)

**БАРАЊЕ ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Во врска со решението - одговор на барање информации од јавен карактер доставен од Државно правобранителство ПИ.бр.21/24 од 30.09.2024.год., во кое е наведено дека единицата на локалната самоуправа е надлежна за спроведување на експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110 (сите парцели се наоѓаат во катастарската општина Долно Орехово, катастарско одделение Битола) за кои е побарана информација, а низ кој минува регионалниот пат од прва категорија P1311

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Зошто предлогот за експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110 (сите парцели се наоѓаат во катастарската општина Долно Орехово, катастарско одделение Битола) не е поднесен од единицата на локалната самоуправа – Општина Битола како што е пропишано со Закон за експропријација и како што е наведено во решението на Државното правобранителство и кој е одговорен за пропустот.**

[redacted]

**5 Attachments** • Scanned by Gmail ⓘ


решение од Држ...


парцела172.docx


парцела1110.docx


парцела 82.docx


парцела 404.docx

Reply   Forward

Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë sëVeriut
Avokatura e Shtetit e Republikës
së Maqedonisë sëVeriut

ПИ.бр.21/24
Скопје 30.09.2024 година

Државно правобранителство
на Република Северна Македонија
Бул. Гоце Делчев бр.18
1000 Скопје
Тел.02/3230-214,3230-217
Фах.02/3229-351
e-mail.dpskopje@dprsm.gov.mk

Врз основа на член 9 став 3 од Законот за државно правобранителство (Сл. Весник на РМ бр.87/07, 104/15 и 53/24), член 14 од Годишниот распоред за работа за 2023 година на Државното правобранителство на Република Северна Македонија бр.02-1477/1 од 28.12.2023 година и член 4 од Измени и дополнување на годишен распоред за работа на Државното правобранителство на Република Северна Македонија за 2024 година број 02-1477/20 од 15.04.2024 година, а согласно на член 20 став (1) и член 21 став (1) од Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), а постапувајќи по писмено Барање за сло[redacted] [redacted]јавен карактер од 27.09.2024 година на барателот[redacted] [redacted]е донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted]рање, Србија **СЕ ДОЗВОЛУВА.**

2. Се дава информација од јавен карактер: "Во врска со одговор на барање информаиии од јавен карактер доставен од Државен правобранител за подрачје Битола ПИ.бр. 10-3/24 од 25.09.2024.год., ве- известувам дека низ парцелите (82, 172, 404 и 1110 (сите парцели се наоѓаат во катастарската општина Долно Орехово, катастарско одделение Битола) за кои е побарана информација. минува регионален пат од прва категорија Р1311, а во вашиот одговор стои дека од увидот во архивата на ДП на РСМ подрачје Битола не е заведен предмет кој се однесува на експропријација на споменатите парцели. Во овој случај се работи за де Факто експропријација, која се случува токму кога на приватна парцела има патишта. инфраструктура или други објекти од јавен интерес. иако нема одлука за експропријаиија на земјиштето.

Македонскиот устав во членот 30 гарантира правото на сопственост и како и дека никому не може да му се одземе или ограничи сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон, а во случај на експропријаиија на сопственоста или во случај на ограничување на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност. Од горенаведената одредба произлегува дека дозволено одземање на имотните права, која не претставува повреда на правото на сопственост, постои само кога кумулативно се исполнети два услови: дека тоа е

направено во јавен интерес утврден врз основа на закон, и дека тоа е направено со надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност.

Во Законот за експропријација во член 22 е пропишано дека кога се врши потполна експропријација заради реализација на јавен интерес утврден во членот 6 (меѓу другото и градење на државни патишта), предлогот за експропријација го поднесува Република Македонија преку Државниот правобранител на Република Македонија.

**Барам информација зошто предлогот за експропријација не е поднесен од државниот правобранител како што е пропишано со закон и кој е одговорен за пропустот."**

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на истото позитивно одговори, при што ја дава следната информација:

До Државното правобрнителство на Република Северна Македонија преку електронска адреса на Државното правобранителство за подрачје Скопје, на 23.09.2024 година барателот поднел Барање за слободен пристап до ивформации од јавен карактер, со барање: "Кога е започната и спроведена постапка за експропријација за катастарските парцели 82, 172, 404 и 1110 (сите парцели се наоѓаат во катастарската општина Долно Орехово, катастарско одделение Битола) по кои минува регионалниот пат прва категорија Р1311? Кога се донесени решенијата за експропријација за споменатите парцели?" Имајќи предвид при која општина се наоѓаат предметските катастарските парцели, истото барање го доставивме на надлежност и постапување до Државното правобранителство подрачје Битола.

Со писмен допис ПИ.бр.10-3/24 од 25.09.2024 година од страна на Државното правобранителство за подрачје Битола сме известени дека постапено е по Ваше барање и известени се дека во Државното правобранителство за подрачје Битола не е заведен предмет кој се однесува на експропријација на предметните парцели.

Повторо преку електронска пошта на Државното правобранителство за подрачје Скопје поднесувате Барање за слободен пристап до информации со барање информација од јавен карактер како во став 2(два) на диспозитивот на ова решение, со прашање Зошто предлогот за експропријација не е поднесен од државниот правобранител како што е пропишано со закон и кој е одговорен за пропустот.

Согласно член 21 Закон за експропријација (Службен весник на РМ бр. 95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015, 192/15, 23/16 и 178/16 и Службен весник на РСМ 122/21 и 111/23) предлог за експропријација поднесува **Република Македонија** **или** **единиците на локалната самоуправа**, односно град Скопје (предлагач на експропријација), акој со овој закон поинаку не е определен. Предлогот за експропријација се поднесува до органот на државна управа надлежен за имотноправните работи (орган за експропријација).

Република Северна Македонија
Државно правобранителство на
Република Северна Македонија

Republika e Maqedonisë sëVeriut
Avokatura e Shtetit e Republikës
së Maqedonisë sëVeriut

Согласно член 22 став 2 од истиот закон, Државниот правовобранител на Република Македонија поднесува предлог за експроријација за реализација на јавен интерес од член 6 од овој закон и за јавните претпријатија, фондовите, агенциите, дирекциите, јавните установи, трговските друштва и други институции основани од државата.

Согласно член 6 став 1 алинеја 6 од итиот закон јавен интерес од значење за Република Македонија согласно со овој закон се утврдува заради: - градење на железнички пруги и железнички станици, аеродроми, државни патишта и мостови.

Согласно член 7 став 1 алинеја 8 од истиот закон, јавен интерес од локално значење согласно со овој закон се утврдува заради: градење на објекти за општа употреба и тоа: општински патишта, плоштади, јавни паркови, пазари, јавни паркиралишта и гробишта.

Укажуваме дека, од горенаведените одредби право за спроведување на постапка екпропријација имат **и единиците на локалната самоуправа.**

Државното правобранителство, не е застапник по закон на **единиците на локалната самоуправа, од тие причини нема надлежност да поднесува предлог за експропријација.**

Поради наведеното, Државното правобранителство на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на решението.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против донесеното решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

***Изготвил:*** *Диелза Цемена Велиу, службено лице кое посредува со информации од јавен карактер*

**ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
ЗА ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ
САША СТАНЧЕВСКИ**


OSSP
https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/
КАТАСТАР
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
0 производ(и)
Добредојдовте,
Најава
Катастарски производи
Административни граници
Картографски продукти
Геодетски точки
WMS сервиси
ИМОТЕН ЛИСТ
1. Пребарување
Парцели
Имотен лист
Кат. одделение: БИТОЛА
Кат. општина: Д ОРЕХОВО
Парцела: 172
Имотен лист
Scale = 1 : 4000
7548133.13, 4549618.32
2:06 PM
9/6/2018


OSSP
https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/
Apps
Office - Literatura, dc
Ultimate Boot CD - C
How to Set BIOS to B
Suggested Sites
https://www.google.c
Mapa
Izračun starosti | Onl
SKGO :: Modeli akata
IngPro | Svi propisi S
КАТАСТАР
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
0 производ(и)
Добредојдовте,
Најава
Катастарски производи
Административни граници
Картографски продукти
Геодетски точки
WMS сервиси
ИМОТЕН ЛИСТ
1. Пребарување
Парцели
Имотен лист
Кат. одделение:
БИТОЛА
Кат. општина:
Д ОРЕХОВО
Парцела:
1110
Имотен лист
380
1110
1114
1115
1116
1706
1188
1111
1112
1113
1205
1100
1101
1103
Scale = 1 : 2000
7546442.27, 4547817.31
EN
1:47 PM
9/6/2018

OSSP

https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/

Apps | Office - Literatura, d | Ultimate Boot CD - | How to Set BIOS to | Suggested Sites | https://www.google. | Mapa | Izračun starosti | Onl | SKGO :: Modeli akata | IngPro | Svi propisi

КАТАСТАР

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

0 производ(и) | Добредојдовте, Најава

Катастарски производи ▸

Административни граници ▸

Картографски продукти ▸

Геодетски точки

WMS сервиси ▸

ИМОТЕН ЛИСТ

**1. Пребарување**

Парцели | Имотен лист

| | |
|---|---|
| Кат. одделение: | БИТОЛА |
| Кат. општина: | Д ОРЕХОВО |
| Парцела: | 82 |

Имотен лист




EN 2:39 PM 9/6/2018

OSSP

https://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/

Apps | Office - Literatura, dc | Ultimate Boot CD - C | How to Set BIOS to B | Suggested Sites | https://www.google.c | Mapa | Izračun starosti | Onli | SKGO :: Modeli akata | IngPro | Svi propisi S

КАТАСТАР

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

0 производ(и)

Добредојдовте, Најава ▾

Катастарски производи ▸

Административни граници ▸

Картографски продукти ▸

Геодетски точки

WMS сервиси ▸

ИМОТЕН ЛИСТ

**1. Пребарување**

Парцели | Имотен лист

Кат. одделение: БИТОЛА

Кат. општина: Д ОРЕХОВО

Парцела: 404

Имотен лист




EN 2:19 PM 9/6/2018

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за Имот и Имотно правни

Бр.11-118/2
02.10.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-118/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Примил:
03.10.2024

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Одделение за имот и имотно – правни работи
Бр.11-118/2 од 09.10.2024г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 09.10.2024
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 11-118/3 | | | |

**До :**
**Лица за посредување при остварување**
**на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**ПРЕДМЕТ: Известување**

**ВРСКА: Ваше барање на податоци бр.11-118/2 од 02.10.2024 година**

Почитувани

Во врска со барањето на информации од јавен карактер доставено од Државно правобранителство под ПИ. Бр.21/24 од 30.09.2024 година, во кое е наведено дека единицата на локалната самоуправа е надлежна за спроведување на експропријација за парцели КП 82, КП 172, КП 404 и КП 1110 за КО Долно Орехово а низ кои катастарски парцели поминува регионалниот пат од прва категорија Р1311,

Ве известуваме дека горенаведените катастарски парцели припаѓаат на катастарска општина која не е во надлежност на Општина Битола.

Согласно ова барањето треба да го доставите до соодветната единица на локална самопуправа под чија надлежност е КО Долно Орехово.

Со почит.

**Изготвил:**
**Дејан Трајковски**

**Одобрил:**
**Горан Ѓоревски**

Примил:
09.10.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Македонија
тел: 047 234 234 047 208 312 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-118/4
14.10.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на **02.10.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-118** од **02.10.2024 година**, каде бара информација за тоа зошто предлогот за експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110 не е поднесен од единицата на локална самоуправа- Општина Битола како што е пропишано со Закон за експропријација и како што е наведено во решението на Државното правобранителство и кој е одговорен за пропустот.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-118 на ден 02.10.2024 година. Во барањето наведе дека бара информација тоа зошто предлогот за експропријација за парцели 82, 172, 404 и 1110 не е поднесен од единицата на локална самоуправа- Општина Битола како што е пропишано со Закон за експропријација и како што е наведено во решението на Државното правобранителство и кој е одговорен за пропустот.

.Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-118/1 од 02.10.2024.
2.Допис до Одделение за Имот и имотно-правни работи со бр. 11-118/2 од 02.10.2024.
3. Одговор од Имот и имотно-правни работи со бр.11-118/3 од 09.10.2024.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 14.10.2024 година, под бр. 11-118/4.

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

**Евгенија Чукалева**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА